ROMA EDUCATION FUND

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 14-3456/1
04-05-2021 20__ год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

**Јавен оглас**

**За избор на двајца експерти за дводневна работилница на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“**

Во рамки на Проектот: “Инклузија на децата Роми во предучилишно образование”, Министерството за труд и социјална политика во партнерство со Ромскиот образовен фонд од Будимпешта објавува Јавен оглас за избор на двајца експерти за дводневна работилница која ќе се спроведе во Мај - Јуни 2021 година.

1. **Опис на проектот**

Проектот “Инклузија на деца Роми во предучилишно образование”, го имплементира Министерството за труд и социјална политика, во соработка и финансиски поддржан од Ромскиот Едукативен Фонд - Будимпешта од 2006 година. Проектот се состои од две главни компоненти. Првата компонента се однесува на пристапот на децата Роми до предучилишно образование која има за цел зголемување на бројот на деца Роми во Јавните општински установи на возраст од 3 - 6 години (како приоритетна група), надминување на стереотипите и предрасудите, подобрување на социјалните вештини и знаењето на македонскиот јазик на децата Роми и целосна поддршка при раниот детски развој. Втората компонента се однесува на подобрување на вештините на родителите од ромска националност со цел зајакнување на нивната свест за важноста на предучилишното образование.

2. **Избор на двајца експерти**

- Еден експерт по комуникација со вештини за пишување
- Еден експерт по ран детски развој

3. **Критериуми кои треба да ги исполнуваат кандидатите:**

- Завршено високо образование
- Да има најмалку 1 година искуство во работата
- Претходно искуство со сличен ангажман ќе се смета за предност
- Основно познавање на компјутерски вештини (Microsoft Office пакет)
- Одлични вештини во комуникација
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите и посветеност кон целите на проектот, работа со рокови

- Да има познавање од користење на платформа за online обука (Zoom, Microsoft Teams и сл.)
- Поседување на платформа за online обука ќе се смета за предност (Zoom, Microsoft Teams и сл.)
- Кандидатот треба да биде подготвен да ја спроведе работилницата online или „во живо" со физичко присуство, во зависност од моменталната состојба со вирусот Covid 19 и барањата на нарачателот

4. **Информации за работилницата:**

- Работилницата ќе се одржи во период Мај - Јуни 2021 година
- Истата ќе се одржи online или „во живо" со физичко присуство, во зависност од моменталната состојба со вирусот Covid 19 и барањата на нарачателот

5. **Процес на селекција**

Начинот на селекција ќе биде во две фази:

1. Првата фаза: Селектирање на кандидати врз основа на бодување според горенаведените критериуми;
2. Втората фаза: Успешните кандидати од потесниот круг ќе бидат повикани на интервју.

Кандидатот кој ќе освои најмногу поени врз основа на критериумите и интервјуто ќе биде селектиран.

**Напомена: Пријавите со непотполна документација нема да се разгледуваат**

6. **Рокови за спроведување на јавниот оглас**

Јавниот оглас трае 10 дена од денот на објавувањето. Крајниот рок за доставување на апликациите е до 16:30 часот до 18.05.2021 година.

Комисијата за одлучување, во рок од 3 работни дена ќе ги извести успешните кандидатите за интервју.

Министерот за труд и социјална политика во рок од 5 дена по спроведувањето на интервју, донесува решение за ангажирање на двајца експерти (Еден експерт по комуникација со вештини за пишување и еден експерт по ран детски развој).

7. **Потребни документи**

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да достават CV и мотивациното писмо **најдоцна 10 дена од објавувањето на јавниот оглас, до 18.05.2021 година,**

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

**најдоцна до 16:30 часот, во архивата на Министерство за труд и социјална политика или по пошта со препорачано писмо, на следната адреса:**

**Министерство за труд и социјална политика**

**Ул. Даме Груев, број 14 1000 Скопје**

За дополнителни информации можете да се обратите секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот на тел. бр. (02) 3 117 589 или на следната е-маил адреса: TKrstevska@mtsp.gov.mk